Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-4903/11
18.06.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за инспекциски надзор, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 10 јуни 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Лазе Јаќимовски, заменик на министерот за јавна администрација, а за повереник Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.06.18 09:53:56 +02:00

Подготвил: Христијан Николов, 17.06.2025
Проверил: Никола Пасков, 17.06.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 17.06.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 17.06.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.06.18 08:57:31 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 17.06.2025 21:25 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=27feeb20-0550-4db6-a1b7-9dcc5924c60e&docSharePointURL=/materijali/2025/638827417970542747/Documents/act.docx&materialId=d18b8eb5-267a-4195-b667-0ed08a955024 |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Предлагач: Влада на Република Северна Македонија

Претставници: Горан Минчев, министер за јавна администрација и

д-р Лазе Јаќимовски, заменик на министерот за јавна администрација

Повереници: Есма Адиловиќ Фазлиќ, раководител на сектор во Министерството за јавна администрација

Предлог на закон
за инспекциски надзор, по скратена постапка

Скопје, јуни 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Инспекцискиот надзор е една од функциите на државата која има круцијално значење за деловното работење и за управувањето, неопходна за обезбедување на владеење на правото, следење и контрола на исполнувањето на барањата и обврските кои ги наметнуваат бројните прописи.
Поставеноста на инспекциските служби и вршењето на инспекцискиот надзор се уредени со бројни закони (општи и посебни) и подзаконски акти. Со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19 и 272/24) кој се применува од 30.11.2019 година, се уредуваат основните начела на инспекцискиот надзор, статусот, надлежностите и работењето на Инспекцискиот совет, организацијата и раководењето со инспекциските служби, следењето, контролата и координацијата на работата на инспекциските служби, статусот и вработувањето на инспектор, лиценцата за инспектор, правата и обврските на инспектор (системот на надоместоци на плати на инспекторите, системот за стручно усовршување и обука на инспекторите), учинокот на инспектор, права и обврски на субјектите на инспекциски надзор при вршење на инспекциски надзор, постапката на вршење инспекциски надзор, посебните дејствија во инспекциската постапка, односите на инспекциските служби и надлежните органи, како и спроведувањето на законот.
Согласно овој закон, Инспекцискиот совет, како самостоен орган на државната управа е поставен како клучна институција во системот на инспекциски надзор, а една од неговите основни надлежности е да ја следи и координира работата на инспекциските служби со статус на органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа.

Од досегашната имплементација на законот, ваквиот модел на инспекциска координација од страна на Инспекцискиот совет кој има широк опфат е посочен како неефикасен во документот насловен како „Препораките за реорганизација на Инспекцискиот совет“, подготвени во рамките на активностите од Проектот „Поддршка на државната реорганизација“, каде се препорачува укинување на сегашната негова форма.

Дополнително, со цел подобрување на работата и координацијата на инспекцискиот надзор, во рамките на програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) се предвидува трансформација на Инспекцискиот совет во координативно тело на директорите на инспекциските служби, а бројот на инспекциски органи да соодветствува на бројот на министерски системи.
Оттука со носење на нов Закон ќе се надминат сите предизвици кои се нотирани од досегашната имплементација на законот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основната цел на Предлогот на закон за инспекциски надзор, по скратена постапка е да воспостави нов поефикасен модел на координација на работата на различните инспекции, преку формирање Колегиум на директори на државни инспекторати како меѓуресорско координативно работно тело составено од директорите на државните инспекторати, како и да обезбеди јасна и доследна структура на отчетност преку обединување на надлежностите за назначување, разрешување и следење на работата во

рамките на истиот орган, што ќе придонесе за зголемување на ефикасноста и транспарентноста на процесот на оценување на нивната работа.

Министерството за јавна администрација од Инспекцискиот совет ќе ги преземе надлежностите во однос на донесување на општите подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон, а ресорните министери ќе бидат надлежни да ги пропишат подзаконските акти со кои се уредуваат специфични прашања од надлежност на инспекциската служба организирана како орган во состав на министерството. Со укинување на Инспекцискиот совет, вработените, просториите, опремата, документацијата и другите средства за работа се преземаат во Министерството за јавна администрација, со што ќе се зајакнат капацитетите на Министерството.

Донесувањето на Предлогот на закон за инспекцискиот надзор ќе има позитивно влијание врз Буџетот на Република Северна Македонија, односно намалување на трошоците од плати и надоместоци со престанување на мандатот на претседателот, на членовите на Инспекцискиот советот и на генералниот секретар.

Предлог на Законот за инспекциски надзор се заснова на следните општи начела:
- начело на законитост
- начело на заштита на јавниот интерес;
- начело на еднаквост, непристрасност и објективност,
- начело на одговорност,
- начело на материјална вистина,
- начело на сослушување на субјектот на инспекцискиот надзор,
- начело на самостојност,
- начело на јавност,
- начело на пропорционалност,
- начело на превенција и
- начело на супсидијарност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за инспекциски надзор не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, предлагаме Предлогот на Законот за инспекциски надзор, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон
за инспекциски надзор

## ГЛАВА I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот
### Член 1

Со овој закон се уредуваат основните начела, видовите и постапката на инспекцискиот надзор, организацијата, работата и раководењето со инспекциите, правата и обврските на учесниците во инспекцискиот надзор, како и други прашања од значење за инспекцискиот надзор.

### Примена на законот
### Член 2

Одредбите од овој закон не се применуваат за Управата за јавни приходи, Царинската управа, Министерството за одбрана, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и Министерството за внатрешни работи.

### Значење на изразите употребени во овој закон
### Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Инспектор“ е административен службеник со овластувања, одговорности, права и обврски утврдени со закон, кој врши инспекциски надзор;
2. „Инспекциски надзор“ е надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи од страна на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, физичките и правните лица;
3. „Субјекти на инспекциски надзор“ се државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, физичките и правните лица во кое е предвидено вршење на инспекциски надзор;
4. „Инспекциска постапка“ е постапка уредена со овој закон, со Законот за општата управна постапка или со друг посебен закон;
5. „Инспекциски акти и дејствија“ се сите акти и дејствија коишто инспекторите ги донесуваат и преземаат во инспекциската постапка;
6. „Инспекциски мерки“ се мерки предвидени со овој и со друг закон, кои ги изрекуваат инспекторите при вршење на инспекцискиот надзор, заради отстранување на утврдените неправилности и недостатоци;
7. „Опомена“ е инспекциска мерка со која субјектот на инспекцискиот надзор првенствено се задолжува да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци во определен рок;
8. „Проценка на ризик“ во смисла на овој закон е процес на анализа, управување и известување за ризикот од неусогласеноста на работењето на субјектот на инспекцискиот надзор, со прописите од соодветната област.

### Употреба на јазиците и писмата
### Член 4

Одредбите од Законот за употреба на јазиците соодветно се применуваат при инспекцискиот надзор.

## ГЛАВА II
## ОСНОВНИ НАЧЕЛА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Начело на законитост

Член 5

Во вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да постапува согласно Уставот на Република Северна Македонија, законите, меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија и други прописи донесени врз основа на закон.

Начело на заштита на јавниот интерес

Член 6

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот обезбедува заштита на јавниот интерес.

Начело на еднаквост, непристрасност и објективност

Член 7

(1) Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаквост, непристрасност и објективност кон субјектите на инспекциските надзори.

(2) Инспекторот е должен да внимава на постоење на судир на интереси со субјектите на инспекциски надзор согласно закон.

Начело на одговорност

Член 8

Инспекторот е лично одговорен за стручно и совесно извршување на инспекцискиот надзор, како и за штетата предизвикана со незаконито дејствие или незаконито одбивање да преземе соодветно дејствие.

Начело на материјална вистина

Член 9

Инспекторот, по службена должност ги утврдува сите факти и околности што се од значење за правилно утврдување на фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор.

Начело на сослушување на субјектот на инспекцискиот надзор

Член 10

Пред преземањето на инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците утврдени кај субјектот на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен на субјектот на инспекцискиот надзор да му даде можност да се изјасни за фактите и околностите кои се утврдуваат при инспекцискиот надзор.

Начело на самостојност

Член 11

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со овој или друг закон, е самостоен и независен во вршењето на инспекцискиот надзор и во изрекувањето на инспекциски мерки.

Начело на јавност

Член 12

(1) Инспекцискиот надзор е јавен.

(2) Инспекциите, преку своите веб-страници, редовно објавуваат информации од значење за јавноста, за спроведените дејствија и за изречените инспекциски мерки заради заштита на животот и здравјето на луѓето или имотот или заради потешки нарушувања на јавниот интерес.

Начело на пропорционалност

Член 13

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот изрекува инспекциски мерки кои се неопходни за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци и кои се поповолни за субјектот на инспекцискиот надзор, при тоа внимава да не го попречува ефикасното функционирање на субјектот на инспекцискиот надзор

(2) При изрекувањето на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се раководи од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на инспекцискиот надзор да ги отстрани утврдените недостатоци.

Начело на превенција

Член 14

При вршење на инспекциски надзор, инспекторот врши превентивна функција и изрекува инспекциски мерки кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на инспекцискиот надзор.

Начело на супсидијарност

Член 15

Во инспекциската постапка се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

## ГЛАВА III
## КООРДИНАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНСПЕКТОРАТИ

Колегиум на директори на државни инспекторати

Член 16

(1) Заради меѓусебна координација на работата и поголема ефикасност на државните инспекторати, од страна на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), на предлог на Министерството за јавна администрација се формира Колегиум на директори на државни инспекторати (во натамошниот текст: Колегиумот), како меѓуресорско координативно работно тело составено од директорите на државните инспекторати.

(2) Со Колегиумот раководи лице од редот на членовите на Колегиумот, назначено од министерот за јавна администрација.

(3) На седниците на Колегиумот може да се повикаат да земат активно учество раководители или инспектори од инспекциски служби организирани како организациони единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа и во општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје и експерти од одделни области на инспекцискиот надзор.

## ГЛАВА IV
## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ СО ИНСПЕКЦИИТЕ

### Организација на инспекциите
### Член 17

(1) Инспекциите се организирани како:
- државни инспекторати за одделни области основани како органи во состав на министерствата (во натамошниот текст: државните инспекторати) и
- инспекциски служби организирани како организациони единици за вршење на инспекциски надзор во органите на државната управа, општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје – сектор или одделение за инспекциски надзор (во натамошниот текст: инспекциските служби).

(2) На државните инспекторати не може со посебен закон да им се утврди статус на правно лице.

(3) Државните инспекторати по овластување на министерот самостојно располагаат со одобрениот буџет од министерството во чиј состав се наоѓаат и спроведуваат постапки за вработување на инспектори согласно закон.

### Раководење со државните инспекторати
### Член 18

(1) Со државниот инспекторат раководи директор на државниот инспекторат (во натамошниот текст: директорот), кој врз основа на јавен оглас го избира и разрешува Владата.

(2) Јавниот оглас од став (1) на овој член, се распишува шест месеци пред истекот на мандатот на директорот.

(3) Јавниот оглас од став (1) на овој член го објавува Владата на својата веб страна и во најмалку два дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик, а рокот за пријавување не може да биде пократок од 15 дена од денот на неговото објавување.

(4) Директорот функцијата ја извршува професионално, со мандат од четири години, со право на уште еден последователен избор.

(5) Директорот е лично одговорен за својата работа и за работата на државниот инспекторат пред Владата и пред министерот.

### Раководење со инспекциските служби
### Член 19

Со инспекциските служби раководи раководното лице на органот на државната управа, односно градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје во чии рамки се наоѓа организационата единица како инспекциска служба (во натамошниот текст: функционерот).

### Општи услови за именување на директор на државен инспекторат
### Член 20

(1) За директор може да биде избрано лице, кое:

- има државјанство на Република Северна Македонија;
- во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна затвор или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- има најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област;
- поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на анлиски јазик, и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или сертификат и/или уверение со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2), од Европската референтна рамка на јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга и
- поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми.

(2) Покрај општите услови од став (1) на овој член, со закон може да се утврдат и посебни услови за избор на директор.

Разрешување на директор

Член 21

(1) Директорот може да биде разрешен со одлука на Владата пред истекот на мандатот за кој е избран, во следните случаи:
- на негово барање;
- на предлог на министерот кој раководи со министерството во чиј состав е државниот инспекторат, доколку државниот инспекторат со кој раководи не реализирал најмалку 70% од програмата или доколку министерот не е задоволен од начинот на извршување на надлежностите на државниот инспекторат;
- ако со правосилна судска одлука е осуден за кривично дело со казна затвор или му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- поради загубена деловна способност или
- поради повреда на правилата за судир на интереси и спречување на корупција утврдени со закон или со кодексот за однесување на избрани и именувани лица.

(2) Во рок од седум дена од денот на разрешувањето во случаите од ставот (1) на овој член, Владата именува вршител на должноста директор до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци, кој ги исполнува условите за избор на директор од член 20 од овој закон,.

(3) Со донесувањето на одлуката за разрешување од став (1) на овој член, Владата донесува одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор согласно член 18 став (1) од овој закон.

Надлежности на директорот

Член 22

(1) Директорот ги врши следните работи:
- ја координира и организира работата на државниот инспекторат;
- презема правни дејствија во име и за сметка на државниот инспекторат по овластување на министерот;
- во соработка со министерот, обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор;

- одлучува за правата и обврските на вработените во државниот инспекторат по овластување на министерот;
- предлага програми за стручно усовршување и обуки на инспекторите;
- изготвува извештаи и предлага планови, и тоа:
  i. годишен план за работа на државниот инспекторат,
  ii. годишен извештај за работа на државниот инспекторат или
  iii. месечен план за работа на секој инспектор;
- предлага други акти предвидени со овој или друг закон;
- обезбедува јавност во работењето на државниот инспекторат;
- обезбедува услови на инспекторот за навремено, стручно и законско спроведување на инспекцискиот надзор (превозно средство, трошоци за гориво, патарини, соодветна опрема и службена униформа, соодветни службени обувки, технички помагала и други средства и трошоци за вршење на инспекцискиот надзор) и
- врши други работи од надлежност на државниот инспекторат, согласно закон или по овластување од министерот.

(2) Директорот во случај на негово отсуство или кога поради болест и други причини не е во можност да ја извршува функцијата, го заменува еден од раководните инспектори, овластен од него.

Надлежности на функционерот

Член 23

Функционерот ги врши следните работи:
- ја координира и организира работата на инспекциската служба;
- ја претставува и застапува инспекциската служба;
- одлучува за правата и обврските на вработените во инспекциската служба;
- обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор;
- предлага програми за стручно усовршување и обука на инспекторите;
- донесува програмски и извештајни документи, и тоа:
  i. годишен план за работа на инспекциската служба;
  ii. годишен извештај за работа на инспекциската служба и
  iii. месечен план за работа на секој инспектор на предлог на непосредниот раководител на организационата единица во кој е распореден инспекторот;
- донесува други акти предвидени со овој или друг закон;
- обезбедува јавност во работењето на инспекциската служба и
- врши други работи од надлежност на инспекциската служба, согласно закон.

## ГЛАВА V
## СЛЕДЕЊЕ И РАБОТА НА ИНСПЕКЦИИТЕ

Проценка на ризик

Член 24

(1) Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот кај субјектите на инспекциски надзор за неспроведувањето и непримената на законите и другите прописи.

(2) Според степенот, ризикот може да биде:
- низок ризик – нема голема веројатност дека субјектот на инспекцискиот надзор не ги спроведува или не ги применува законите и другите прописи;
- среден ризик – постои веројатност дека субјектот на инспекцискиот надзор не ги спроведува или не ги применува законите и другите прописи или

- висок ризик – постои особена веројатност дека субјектот на инспекцискиот надзор не ги спроведува или не ги применува законите и другите прописи.

(3) Проценката на ризикот од став (2) на овој член се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекцијата.

(4) Проценката на ризик од став (2) на овој член вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според методологија за проценка на ризик, која ја донесува министерот на предлог на директорот односно функционерот на предлог на раководителот на организационата единица во кој е распореден инспекторот.

(5) Проценката на ризикот од став (1) на овој член се врши преку:
- идентификување на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животната средина и здравјето на луѓето, кои може да се јават како последица од работата на субјектот на инспекцискиот надзор и
- проценка на тежината на штетните последици и веројатноста за нивно случување.

(6) Тежината на штетните последици од став (5) алинеја 2 на овој член се проценува врз основа на:
- природата на штетните последици кои можат да произлезат од видот на дејноста на субјектот на инспекцискиот надзор или од карактеристиките на производот кој се става на пазарот односно услугата која се дава од страна на субјектот на инспекцискиот надзор и
- обемот на штетните последици кои произлегуваат од опфатот на корисници на производот односно услугата која се дава од страна на субјектот на инспекцискиот надзор.
(7) Веројатноста на случување на штетни последици од став (5) алинеја 2 на овој член се проценува врз основа на:
- претходната работа и постапување на субјектот на инспекцискиот надзор, вклучувајќи ја и последната утврдена состојба на законитост и безбедност во неговото работење и постапување;
- стандарди и другите документи кои ја сочинуваат националната стандардизација, како и правилата на добра практика кои ги применува субјектот на инспекцискиот надзор;
- системите за управување и внатрешен надзор на работењето на субјектот на инспекцискиот надзор;
- состојбата во областа во која се врши дејноста и предвидувањата за идните движења во таа област и
- внатрешните и надворешните стручни, технички, технолошки и финансиски капацитети на субјектот на инспекцискиот надзор.

(8) Елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик ги пропишува министерот на предлог на директорот односно функционерот.

Коефициенти на сложеност на инспекциски надзор

Член 25

(1) Коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор се утврдуваат врз основа на следните критериуми:

- условите во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот на можни влијанија врз неговото здравје и живот;
- број на субјекти кои се предмет на инспекциски надзор;
- број на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзор и
- потребно време за вршење на инспекциски надзор.

(2) Директорот односно функционерот врши распределба на предметите за вршење инспекциски надзор, имајќи го предвид нивото на инспекторот и коефициентот на сложеност на инспекцискиот надзор.

(3) Начинот на утврдување на коефициентите за сложеност на инспекцискиот надзор ги пропишува министерот, односно функционерот.

Годишен план за работа на инспекциите

Член 26

(1) Годишниот план за работа на инспекциите содржи активности и мерки за ефикасно извршување на работите од инспекцискиот надзор.

(2) Со годишниот план од став (1) на овој член се утврдуваат обемот и содржината на инспекцискиот надзор кои се засноваат на анализа на претходно спроведените инспекциски надзори и проценка на веројатноста за непочитување или кршење на законите и другите прописи од секоја област.

(3) Годишниот план од став (1) на овој член го донесува министерот на предлог на директорот, односно функционерот, најдоцна до 31-ви декември од тековната година, за наредната година и го објавува на веб страницата на инспекцијата.

(4) Годишниот план од став (1) на овој член се доставува до Колегиумот за информирање во електронска форма.

(5) Претседателот на Колегиумот до 1 март во тековната година ја известува Владата за стратешките определби и приоритети кои произлегуваат од годишните планови на инспекциите.

(6) Формата и содржината на годишниот план од став (1) на овој член, ги пропишува министерот за јавна администрација.

Месечен план за работа на секој инспектор

Член 27

(1) Врз основа на годишниот план за работа на инспекциите од членот 26 став (1) од овој закон, министерот на предлог на директорот односно функционерот, најдоцна до почетокот на месецот, донесува месечен план за работа на секој инспектор.

(2) При подготвувањето на месечниот план од став (1) на овој член, се зема предвид и евентуалното отсуството на инспекторот поради користење на годишен одмор, стручно усовршување и обука или други оправдани причини.
(3) Месечниот план од став (1) на овој член, се доставува до Колегиумот за информирање во електронска форма.

(4) Формата и содржината на месечниот план од став (1) на овој член, ги пропишува министерот за јавна администрација.

Годишен извештај за работа на инспекциите

Член 28

(1) Годишниот извештај за работа на инспекциите за претходната година го донесува министерот на предлог на директорот односно функционерот, најдоцна до 31 јануари во наредната година и го доставува до Колегиумот во електронска форма.

(2) Годишниот извештај од став (1) на овој член се објавува на веб страницата на инспекцијата.

(3) Годишниот извештај од став (1) на овој член задолжително содржи податоци за бројот на конкретни предмети, времето потребно за решавање на конкретните предмети, почитувањето на роковите за решавање на поединечните предмети и реализацијата на годишните планови за работа на инспекциската служба.

(4) Колегиумот подготвува збирен извештај од доставените годишни извештаи од став (1) на овој член и го доставува до Владата за информирање, најдоцна до 31 март од тековната година за претходната година.

(5) Врз основа на анализата од податоците во збирниот извештај од ставот (4) на овој член, Колегиумот изготвува наоди, насоки и препораки за подобрување на работењето на инспекциите.

(6) Формата и содржината на годишниот извештај од став (1) на овој член ги пропишува министерот за јавна администрација.

Регистри и информациски систем за инспекциски надзор

Член 29

(1) Инспекциите водат регистри и информациски систем за инспекциски надзор во електронска форма, во кои се содржани инспекциските мерки, како и сите акти и документи од спроведените инспекциски постапки.

(2) Формата, содржината и начинот на воспоставување, водење и користење на регистрите и информацискиот систем од став (1) на овој член ги пропишува министерот за јавна администрација.

Инспекциска евиденција

Член 30

(1) Инспекциите за вршењето на инспекцискиот надзор, задолжително водат посебна евиденција за податоците кои се однесуваат на инспекциската постапка.

(2) Инспекциската евиденција од став (1) на овој член задолжително содржи тековни податоци за сите спроведени инспекциски надзори од инспекцијата, субјектите на инспекциските надзори и мерките изречени за нив и е достапна на сите инспектори во инспекцијата.
(3) Формата, поблиската содржина и начинот на водење на инспекциската евиденција од став (1) на овој член,ги пропишува министерот за јавна администрација.

ГЛАВА VI

ИНСПЕКТОР

Статус на инспектор

Член 31

(1) Инспектор е административен службеници со права, обврски и одговорности утврдени со овој или друг закон, кој ги исполнува општите услови за врабоување утврдени во Законот за административни службенци и посебните услови утврдени со овој и/или со друг закон и со актот за систематизација на работните места на инспекцијата и кој има потврда за положен испит за инспектор.

(2) Инспекторите се овластени да вршат инспекциски надзор согласно овој закон и законите што ги уредуваат одделните видови инспекциски надзор.

Категории и нивоа на работни места за инспектори

Член 32

Работните места на инспекторите се класифицираат во категориите Б и В и соодветните нивоа, согласно Законот за административни службеници.

Звања на инспектори

Член 33

Нивоата на работни места во рамките на категориите Б и В за инспекторите дополнително се опишуваат со звање, и тоа:

- Категорија Б:
  - i. Б2 – главен инспектор;
  - ii. Б3 – помошник главен инспектор;
  - iii. Б4 – виш инспектор;

- Категорија В:
  - i. В1 – советник инспектор;
  - ii. В2 – самостоен инспектор;
  - iii. В3 – помлад инспектор.

Посебен услов за вработување на инспектор

Член 34

(1) Кандидатот за инспектор од категорија Б, покрај општите услови за вработување од Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни услови, и тоа:

- ниво на квалификација VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство и тоа:
  - i. Б2 – најмалку шест години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку три години како инспектор;
  - ii. Б3 - најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку две години како инспектор и
  - iii. Б4 – најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор.

(2) Кандидатот за инспектор од категорија В, покрај општите услови за вработување од Законот за административни службеници, треба да ги исполнува следните посебни и тоа:

- стручни квалификации и тоа:
  - i. за нивото В1 – ниво на квалификација VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен а

ii. за нивоата В2 и В3 - ниво на квалификација VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

- работно искуство и тоа:
  i. В1 – најмалку три години работно искуство во струката,
  ii. В2 – најмалку две години работно искуство во струката,
  iii. В3 – со или без работно искуство;
  - општи работни компетенции за сите нивоа согласно Рамката на општи работни компетенции и

- посебни работни компетенции за сите нивоа и тоа:
  i. активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и
  ii. активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Пополнување на работно место за инспектор

Член 35

(1) Пополнување на слободно работно место за инспектор се врши согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор.

(2) Заради потребите на работата на инспекцијата, инспекторот не може без негова согласност да биде преместен на друго работно место за кое не е предвидено вршење на инспекциски надзор.

Испит за инспектор

Член 36

(1) Испитот за инспектор претставува проверка на стручната оспособеност на кандидатите за инспектори за самостојно вршење на инспекциски надзор.

(2) Испитот од став (1) на овој член се состои од следните области:
- општа управна постапка и управен спор;
- инспекциска постапка и
- прекршочна постапка.

(3) Испитот од став (1) на овој член, кандидатот за инспектор вработен во инспекцијата како административен службеник е должен да го полага во рок од три месеци по истекот на една година од денот на вработување во инспекцијата, во која се стекнал со практични знаења за вршење на инспекциски надзор преку практична обука, која ја спроведува инспекцијата во која е вработен.

(4) Испитот од став (1) на овој член го спроведува институцијата надлежна за обуки и стручно усовршување на административните службеници, на трошок на инспекцијата во која е вработен кандидатот за инспектор, а средствата се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

(5) Практичната обука од став (3) на овој член се состои во континуирано учење и присуство при вршење инспекциски надзор од областа на инспекцијата во која е вработен кандидатот за инспектор.

(6) Во рок од 15 дена од денот на полагање на испитот од став (1) на овој член, институцијата надлежна за обуки и стручно усовршување на административните

службеници на инспекторот му издава потврда за положен испит за инспектор, со што кандидатот за инспектор вработен во инспекцијата како административен службеник се стекнува со статус на инспектор.

(7) На кандидатот за инспектор вработен во инспекцијата како административен службеник кој не се јавил или не го положил испитот од став (1) на овој член во рокот од став (3) на овој член, му се дава дополнителен рок од еден месец да го положи испитот, а доколку и во дополнителниот рок не го положи испитот со решение на министерот односно функционерот му престанува работниот однос.

(8) Против решението од став (7) на овој член, дозволена е жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 15 денови од денот на приемот на решението.

(9) Програмата за полагање на испитот од став (1) на овој член, начинот на полагањето и начинот на пријавување на испитот за инспектор, формата и содржината на барањето за полагање на испитот за инспектор, како и начинот на спроведување на практичната обука ги пропишува министерот за јавна администрација, во соработка со институцијата надлежна за стручно усовршување и обуки на административни службеници.

Службена легитимација и значка

Член 37

(1) Инспекторот има службена легитимација и значка со која се докажува неговото својство, идентитет и овластувања.

(2) Службената легитимација и значка од став (1) на овој член ги издава министерот односно функционерот.

(3) Инспекторот има право и должност да ги употребува службената легитимација и значка од став (1) на овој член само додека врши инспекциски надзор.

(4) Во случај на престанок на работниот однос или суспензија на инспекторот согласно закон, инспекторот е должен, со денот на донесување на решение за престанок на работниот однос или суспензија да ги врати службената легитимација и значката на министерот односно функционерот кој ги издал.

## ГЛАВА VII
## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИНСПЕКТОР

Плата, надоместоци и додатоци на плата на инспектор

Член 38

(1) Инспекторот има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени во Законот за административни службеници, освен ако поинаку не е уредено со овој закон.
(2) Инспекторот има право на додаток на плата заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работите и задачите на инспектор во висина од 30% од износот на основната бруто плата.

Стручно усовршување и обука на инспекторите

Член 39

(1) Инспекторот има право и должност на постојано стручно усовршување и обучување согласно потребите на инспекцијата во која е вработен.

(2) Стручното усовршување и обучување од став (1) на овој член, се спроведува преку генерички и специјализирани обуки од соодветната област на инспекцискиот надзор, организирани од институцијата за стручно усовршување и обуки на административни службеници согласно закон.

Годишна програма за стручно усовршување и обуки и индивидуален годишен план за стручно усовршување и обука на инспекторот

Член 40

(1) Инспекцијата предлага годишна програма за стручно усовршување и обуки е на инспекторите, која ја донесува институцијата надлежна за стручно усовршување и обуки на административни службеници.

(2) Врз основа на годишната програма од став (1) на овој член, инспекцијата изработува годишен план за обуки на секој инспектор, кој го донесува министерот, односно функционерот.

Осигурување од несреќа при работа

Член 41

(1) Инспекцијата задолжително и на своја сметка го осигурува инспекторот за случаи на несреќа при работа.

(2) Годишниот извештај од член 28 став (1) од овој закон задолжително содржи податоци за осигурувањето од став (1) на овој член на сите инспектори во инспекцијата.

Обврска за чување на тајна

Член 42

(1) Инспекторот е должен во текот и по престанокот на вработувањето да ги чува како деловна тајна сите податоци што ги дознал при вршењето на инспекциски надзор, а кои со пропис или општ акт на субјектот на инспекцискиот надзор се утврдени како деловна тајна.

(2) За непочитување на должноста од став (1) на овој член, инспекторот одговара материјално и кривично согласно закон.

Обврска за заштита на лични податоци

Член 43

Инспекторот е должен при вршењето на инспекцискиот надзор да ги применува прописите за заштита на личните податоци.

Одговорност на инспекторот

Член 44

(1) Покрај одговорноста за дисциплинска неуредност и дисциплински престап согласно Законот за административни службеници, инспекторот е дисциплински одговорен за дисциплински престап и ако при вршење на инспекцискиот надзор не:

- преземе соодветни мерки кои во согласност со овој или друг закон бил должен да ги преземе;

- ги извести надлежните органи за прекршување на законите или другите прописи кои со записник констатирал при вршењето на инспекцискиот надзор;
- пријави судир на интереси согласно закон;
- постапи согласно со обврската за чување на деловна тајна од членот 42 од овој закон и
- постапи согласно обврската за примена на прописите за заштита на личните податоци од членот 43 од овој закон.

(2) Постапката за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на инспекторите се спроведува согласно Законот за административни службеници.

(3) Против решението за дисциплинска одговорност донесено од министерот односно функционерот, инспекторот има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

## ГЛАВА VIII
## УЧИНОК НА ИНСПЕКТОР

### Управување со учинокот на инспектор
### Член 45

(1) За управување со учинокот на инспектор, се воспоставува систем за управување со учинок чија цел е унапредување на институционалниот учинок преку унапредување на индивидуалниот учинок на инспекторот, како и идентификување на неговите недостатоци и можности за развој.

(2) Системот од став (1) на овој член, се состои од:
- утврдување на критериуми за оценување на учинокот;
- постапка за оценување на учинокот на инспекторот и
- оценка на учинок на инспекторот.

(3) Системот од став (1) на овој член се воспоставува во секоја инспекција, која е должна да го следи учинокот на инспекторите.

### Критериуми за оценување на учинокот
### Член 46

(1) Критериуми за оценување на учинокот на инспекторот се податоците и информациите за степенот на реализација и исполнетост на месечниот план од член 27 од овој закон и реализираните обуки на инспекторот.

(2) Критериумите од ставот (1) овој член, се вреднуваат преку:
- соодносот помеѓу вкупниот број на планирани редовни и контролни инспекциски надзори утврдени во месечните планови за работа на секој инспектор и вкупниот број на извршени редовни и контролни инспекциски надзори прикажани во годишните извештаи за работа- вкупно 20 бодови;
- соодносот помеѓу вкупниот број на доделените вонредни инспекциски надзори на секој инспектор и вкупниот број на извршени вонредни инспекциски надзори прикажани во годишните извештаи за работа – вкупно 20 бодови;
- почитувањето на законските рокови за подготвување на записници и донесување на инспекциски акти – вкупно 20 бодови;

- водењето на записници и донесувањето на решенија, уредност во водењето на предметите во работа кај инспекторот и квалитет на писменото изразување на инспекторот – вкупно 20 бодови;
- бројот и видот на реализирани обуки на инспекторот на годишно ниво- вкупно 10 бодови и
- спроведени обуки на инспектори во својство на обучувач – вкупно 10 бодови.

(3) Начинот на вреднување на критериумите за успешноста на инспекторите од став (2) на овој член го пропишува министерот за јавна администрација на предлог на Колегиумот.

Постапка за оценување на учинокот на инспектор

Член 47

(1) Инспекторите во текот на нивната работа, врз основа на постојано следење на нивниот учинок, секоја година се оценуваат најдоцна до 31 јануари во тековната година, за претходната година согласно овој закон.

(2) Инспекторите кои во текот на годината биле отсутни од работа подолго од шест месеци поради боледување, неплатено отсуство и слично, но не и користење на годишен одмор, како и инспекторите кои немаат положено испит за инспектор, нема да бидат оценувани.

(3) Оценувањето на учинокот на инспекторите го врши непосредно претпоставениот инспектор, а доколку нема непосредно претпоставен инспектор, тогаш оценувањето го врши претпоставениот раководител.

(4) Оценувањето на учинокот на инспекторите се врши со пополнување на образецот за оценување, а врз основа на податоци што се однесуваат на исполнување на критериумите за оценување на учинокот од член 46 став (2) од овој закон.

(5) Директорот, односно функционерот го потпишува образецот за оценување на учинокот на инспекторот најдоцна осум дена од денот на спроведеното оценување.

(6) Една копија од потпишаниот образец од став (6) на овој член му се доставува на инспекторот кој бил оценуван.

(7) Инспекторот има право на приговор против оценката од потпишаниот образец од став (6) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот на копијата од образецот, до Агенцијата за администрација.

(8) Начинот на оценување на учинокот на инспекторите, како и формата и содржината на образецот за оценување на учинокот на инспекторите ги пропишува министерот за јавна администрација.

Оценка за учинок на инспектор

Член 48

(1) Оценката за учинокот на инспекторот се утврдува во постапката за оценување на учинокот на инспекторот, а се пресметува врз основа на збирот од добиените бодови вреднувани согласно критериумите од член 46 став (2) од овој закон.

(2) Оценката за учинокот на инспекторот се изразува описно како резултат на остварените бодови за успешност за период од една година, согласно критериумите од член 46 став (2) од овој закон и може да биде:
- „А – се истакнува” – од 76 до 100 бодови;
- „Б – задоволува”-од 51 до 75 бодови;
- „В – делумно задоволува“ 21-50 бодови, и
- „Г – не задоволува“ – од 0-20 бодови.

## ГЛАВА IX
## ПОСТАПКА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Цел на инспекциски надзор
### Член 49

Целта на инспекцискиот надзор е превентивно делување или преземање на мерки за спречување или отстранување на последиците врз заштитените добра, права или интереси, како и изрекување на инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

### Постапка за вршење на инспекциски надзор
### Член 50

(1) Инспекцискиот надзор се врши согласно месечниот план за работа на секој инспектор или по писмена наредба на министерот, директорот на инспекторатот односно функционерот.

(2) Постапката на вршење на инспекциски надзор се состои од четири фази, и тоа планирање, спроведување, завршување и документирање на инспекцискиот надзор, освен во случаи утврдени со посебните закони, кога постапката за вршење на инспекциски надзор може да се состои и од помалку фази.

(3) Поради обемот или сложеноста, инспекциски надзор може да вршат повеќе инспектори од иста или од различни инспекции.

(4) При вршење на инспекциски надзор не смее да биде повредена тајноста на личните податоци.

(5) По исклучок од став (1) на овој член, инспекторот може да изврши вонреден инспекциски надзор по службена должност, кој не е утврден со месечниот план за работа на секој инспектор, односно за кој не е добиена писмена наредба од министерот, директорот, односно функционерот, доколку го затекне субјектот на инспекцискиот надзор во извршување на дејствија спротивни на законите над кои инспекторот е надлежен да врши инспекциски надзор.

(6) Во случаите од став (5) на овој член инспекторот, е должен до крајот на работното време да го извести директорот на инспекторатот односно функционерот за извршениот инспекциски надзор.
(7) Начинот на вршење на инспекциски надзор го пропишува министерот за јавна администрација.

### Легитимирање на инспекторот
### Член 51

Пред започнување на вршењето на инспекциски надзор, инспекторот е должен да се легитимира пред субјектот на инспекцискиот надзор.

Права на инспекторот при вршење на инспекциски надзор

Член 52

(1) Инспекторот има право да врши инспекциски надзор над субјектите на инспекциски надзор во секое време и на лице место, во деловните простории, инсталациите и други објекти што не се користат како живеалиште, како и над средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт издаден од соодветен орган на државната управа е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат.

(2) Инспекторот при вршењето инспекциски надзор има право:
- на пристап во секое време и на секое место каде што е потребно, односно во простории и деловни простории, локации и транспортни средства;
- непречено да ја разгледува целокупната потребна документација на субјектот на инспекцискиот надзор;
- на пристап во технолошките, производствените и други процеси коишто се дел од дејностите и/или активностите на субјектот на инспекцискиот надзор;
- да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување на докази потребни за спроведување на прекршочна или кривична постапка;
- да изврши увид во документ за идентификација на лицата овластени од субјектот на инспекциски надзор, други вработени или работно ангажирани лица во субјектот на инспекциски надзор, како и на физички лица кои се затекнати на местото на инспекцискиот надзор;
- да го фотографира и го снима просторот во кој се врши инспекцискиот надзор, како и предмети кои се предмет на инспекциски надзор;
- да сослушува странки и врши увид во управна постапка;
- да прегледува документи со кои може да се утврди идентитет на лица;
- на субјектот на инспекциски надзор да му изрече опомена или друга инспекциска мерка и да утврди рок за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно овој или друг закон;
- да го надгледува спроведувањето на инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците во рокот што е определен од негова страна;
- да поднесе барање за поведување на прекршочна против субјектот на инспекциски надзор до надлежен орган, кој е должен за својата одлука по поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка да го извести инспекторот и
- да поднесе кривична пријава против субјектот на инспекциски надзор до належното јавно обвинителство.

(3) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот може најдолго во траење од 15 дена да одземе службена документација која му е потребна за утврдување на фактичката состојба во конкретниот предмет, ако смета дека постои основано сомневање за повреда на закон или друг пропис, доколку со тоа не се попречува работењето на субјектот на инспекцискиот надзор, за што инспекторот му издава потврда. Не смее да се одземе документација на државен орган која е класифицирана информација.

(4) Инспекторот има право и обврска да го предупреди или отстрани лицето кое го попречува вршењето на инспекцискиот надзор.

(5) Во случај кога при вршењето на инспекциски надзор инспекторот ќе утврди прекршување на закон или друг пропис или акт кој е во надлежност на друга инспекција, самиот ја утврдува фактичката состојба и за наодите изготвува извештај, кој го доставува до надлежната инспекција.

Соработка со државни органи и други институции

Член 53

(1) Правните и физичките лица кои располагаат со податоци од значење за вршење на инспекцискиот надзор, должни се да соработуваат со инспекторот и во рок од три дена од денот на добивање на барањето од инспекторот, да му ги достават бараните податоци.

(2) Инспекторот има право при вршењето на инспекциски надзор, да побара присуство на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за внатрешни работи, кое е должно да учествува во вршењето на инспекцискиот надзор.

(3) Инспекторот има право при вршењето на инспекциски надзор да побара присуство на службено лице од стручен орган, соодветна организациска единица на општината, општината во Градот Скопје односно Градот Скопје, други стручни установи и правни лица, ако за утврдување на битни факти или околности е потребно такво стручно мислење.

Право на субјектот на инспекциски надзор

Член 54

Субјектот на инспекциски надзор односно од него определеното лице, има право:
- да добие писмено или електронско известување за предметот и времето на спроведување на редовниот инспекциски надзор, придружено со листа за проверка;
- да предлага и да поднесува докази кои се од значење за утврдување на фактичката состојба, во текот на постапката за вршење на инспекцискиот надзор;
- да одбие да го потпише записникот ако не се согласува со фактите кои се наведени во записникот или ако му е оневозможено правото да даде забелешка на истиот;
- да даде забелешка со образложение, на записникот за извршен инспекциски надзор, во однос на:
    i. законитоста на постапката на инспекцискиот надзор;
    ii. однесувањето на инспекторот и
    iii. точноста на утврдената фактичка состојба;
- да биде запознаен со правата и должностите кои ги има во контекст на инспекцискиот надзор;
- да биде запознаен со правниот основ за вршењето на инспекцискиот надзор;
- да го предупреди инспекторот на тајноста на информации кои му ги става на располагање;
- да го придружува инспекторот/ите за време на инспекцискиот надзор кој се врши во просториите на субјектот и
- да добие примерок од секоја листа за проверка која ќе се употреби при инспекцискиот надзор.

Обврска на субјектот на инспекциски надзор

Член 55

Субјектот на инспекциски надзор е должен на инспекторот:
- да му овозможи пристап до просториите, производите, електронските бази на податоци или кое било друго средство кое е предмет на инспекцискиот надзор;
- да му овозможи увид во целокупната документација и информации потребни и за утврдување на фактичката состојба;

- по писмено барање на инспекторот и во рок определен од негова страна, да му достави или подготви точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се потребни за вршење на инспекцискиот надзор;
- да му ги обезбеди условите потребни за вршење на инспекцискиот надзор;
- да определи вработено лице кое ќе биде присутно при вршењето на инспекцискиот надзор;
- по образложено писмено барање од инспекторот кој го врши инспекцискиот надзор, да го прекине работењето за време на инспекцискиот надзор, доколку инспекторот на друг начин не може да го врши инспекцискиот надзор и
- писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали е постапено по инспекциската мерка, најдоцна во рок од три дена од истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка.

Видови на инспекциски надзор

Член 56

Инспекцискиот надзор може да биде редовен, вонреден и контролен.

Редовен инспекциски надзор

Член 57

(1) Редовен инспекциски надзор е инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи од страна на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, физичките и на правните лица, кој се врши според однапред предвиден распоред во годишниот план од член 26 од овој закон и месечниот план од член 27 од овој закон.

(2) Редовниот инспекциски надзор се најавува со доставување на писмено известување до субјектот на инспекциски надзор за времето и обемот на инспекцискиот надзор, освен во случаи утврдени со посебните закони кога заради осуетување на инспекциската постапка редовниот инспекциски надзор не се најавува.

(3) Известувањето од став (2) на овој член, придружено со листата за проверка од член 61 од овој закон се доставува до субјектот на инспекцискиот надзор најдоцна три работни дена пред отпочнување на вршењето на инспекцискиот надзор.

(4) По исклучок од став (2) на овој член, редовниот инспекциски надзор нема да се најави кога постојат причини за неодложно постапување, постои оправдана загриженост дека најавата ќе го спречи или намали остварувањето на целта на инспекцискиот надзор или постои јавен интерес за отстранување на опасност по животот и здравјето на луѓето и животната средина.

(5) Во случаите од став (4) на овој член, инспекторот е должен причините да ги внесе во записникот за инспекциски надзор.

(6) Редовен инспекциски надзор од иста инспекциска служба кај ист субјект на инспекциски надзор се врши не повеќе од еднаш годишно, освен ако со друг закон поинаку не е уредено.

Вонреден инспекциски надзор

Член 58

(1) Вонреден инспекциски надзор е инспекциски надзор кој се врши по службена должност или врз основа на иницијатива поднесена од физички или правни лица, органи на

државната или локалната власт, како и по писмена наредба на министерот, директорот или функционерот.

(2) Вонредниот инспекциски надзор по правило е ненајавен надзор и истиот се врши најдоцна во рок од 10 работни дена од денот на приемот на иницијативата или писмената наредба од став (1) на овој член во писарницата на инспекцијата или на нејзината службена електронска адреса.

Контролен инспекциски надзор
Член 59

(1) Контролен инспекциски надзор е инспекциски надзор кој се врши по службена должност со цел инспекторот да утврди дали субјектот на инспекцискиот надзор, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт, а при претходно извршен редовен или вонреден инспекциски надзор:
- постапил по инспекцискиот акт во целост;
- делумно постапил по инспекцискиот акт или
- не постапил по инспекцискиот акт.

(2) Непостапувањето односно делумното постапување по инспекцискиот акт претставува основа за изрекување на инспекциска мерка согласно закон.

Заеднички инспекциски надзор
Член 60

(1) Заеднички инспекциски надзор е редовен или вонреден инспекциски надзор во кој учествуваат две или повеќе инспекции.

(2) Инспекцииите вршат заеднички инспекциски надзор кога тоа е неопходно за целосно утврдување на фактичката состојба и/или кога на тој начин се обезбедува поголема економичност и ефикасност на инспекциската постапка.

(3) При вршење на заеднички инспекциски надзор, инспекциите се должни меѓусебно да соработуваат низ консултации и усогласување.

(4) Во случај на потреба од заеднички инспекциски надзор на два или повеќе инспекторати, на предлог на било кој член на Колегиумот, министер или функционерот, лицето назначено да раководи со Колегиумот е должно најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на предлогот да свика седница на Колегиумот заради утврдување потреба за вршење на заеднички инспекциски надзор над работата на определен субјект на инспекциски надзор.

(5) Доколку во заедничкиот инспекциски надзор треба да се вклучат и други инспекции, на Колегиумот се повикуват и лицата кои раководат со тие инспекции.

(6) Во случаите од став (1) на овој член, Колегиумот донесува одлука за вршење на заеднички надзор, во која се содржани:
- инспекциите кои ќе учествуваат во заедничкиот инспекциски надзор;
- времената рамка за вршење на инспекцискиот надзор;
- инспекцијата одговорна за координирање на инспекцискиот надзорот и
- рокот за подготовка на збирен извештај за заедничкиот инспекциски надзор.

(7) Секоја инспекција која била вклучена во заедничкиот инспекциски надзор подготвува посебен записник за извршениот инспекциски надзор и донесува посебен инспекциски акт

, кои се доставуваат до инспекцијата која била определена за координирање на надзорот, врз основа на кои изготвува збирен извештај кој се доставува на разгледување на Колегиумот.

Листа за проверка
Член 61

(1) Листа за проверка ги содржи проверките и другите дејствија од областа на инспекцискиот надзор за кои е овластена инспекцијата.

(2) Инспекцијата донесува листи за проверка за соодветните области од нејзина надлежност кои се објавуваат на веб страницата на инспекцијата.

(3) При спроведување на инспекцискиот надзор, инспекторот врши проверки и други дејствија кои се наведени во листата од став (1) на овој член.

(4) Листата од став (1) на овој член не го ограничува инспекторот да презема други дејствија при инспекцискиот надзор кои се неопходни за постигнување на целта на законот.

(5) Инспекцијата врши ажурирање на листата од став (1) на овој член, најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто.

Иницијатива за вонреден инспекциски надзор
Член 62

(1) Иницијативата за вонреден инспекциски надзор треба да содржи: назив на инспекцијата до која се поднесува, име, презиме и адреса на подносителот односно назив и седиште на правното лице, законски застапник или полномошник доколку го има, краток опис на повредата и назначување на субјектот кај кој се бара вршење на инспекциски надзор.

(2) Ако иницијативата од став (1) на овој член е нецелосна или нејасна, инспекцијата определува рок од најмногу седум дена за дополнување на иницијативата. Доколку подносителот не ја дополни иницијативата во определениот рок се смета дека иницијативата е повлечена.

(3) Инспекторот не постапува анонимна иницијатива.

(4) Во случај кога иницијативата за поведување на вонреден инспекциски надзор не е во надлежност на инспекцијата, инспекторот во рок од три работни дена од денот на добивање на иницијативата, ја доставува до надлежната инспекција за натамошно постапување и за тоа го известува подносителот на иницијативата.

(5) Најдоцна во рок од 15 дена по завршувањето на вонредниот инспекциски надзор извршен врз основа на поднесена иницијатива, инспекторот е должен да го извести подносителот на иницијативата од став (1) на овој член за резултатите од извршениот инспекциски надзор.

(6) Подносителот на иницијативата за вонреден инспекциски надзор нема својство на странка во постапката по инспекциски надзор, освен доколку иницијативата ја поднел за заштита на свои права и правни интереси, односно доколку има правен интерес од инспекциската постапка.

Заеднички вонреден инспекциски надзор

Член 63

(1) Во случај на потреба од заеднички вонреден инспекциски надзор на два или повеќе инспекторати, на предлог на било кој член на Колегиумот, министер или функционерот, лицето назначено да раководи со Колегиумот е должно најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на предлогот да свика седница на Колегиумот заради утврдување потреба за вршење на заеднички вонреден инспекциски надзор над работата на определен субјект на инспекциски надзор.

(2) Доколку во заедничкиот вонреден инспекциски надзор треба да се вклучат други инспекции, на Колегиумот се повикуват и лицата кои раководат со тие инспекции.

(3) Во случаите од став (1) на овој член, Колегиумот донесува одлука за вршење на заеднички вонреден инспекциски надзор, во која се содржани:

- инспекциите кои ќе учествуваат во заедничкиот инспекциски надзор;
- времената рамка за вршење на инспекциски надзор;
- инспекцијата која ќе биде одговорна за координирање на инспекцискиот надзор и
- рокот за подготовка на збирен извештај за заедничкиот вонреден инспекциски надзор.

(4) Секоја инспекција која била вклучена во заедничкиот вонреден инспекциски надзор подготвува посебен записник за извршениот вонреден инспекциски надзор и донесува посебен инспекциски акт, кои се доставуваат до инспекцијата која била определена за координирање на надзорот, врз основа на кои изготвува збирен извештај кој се доставува на разгледување на Колегиумот.

Инспекциски надзор кај непознат субјект

Член 64

(1) Во случај кога не може да се утврди субјектот на инспекцискиот надзор, инспекторот на местото на инспекцискиот надзор остава писмена покана до непознат субјект на инспекциски надзор, во која е определено времето за присуство поради вршење на инспекцискиот надзор.

(2) Подоцнежното оштетување, уништување или отстранување на писмената покана од став (1) на овој член, не влијае на уредноста на оставањето на писмената покана.

Записник

Член 65

(1) За извршениот инспекциски надзор, утврдената фактичка состојба, изведените докази, забележаните и утврдените неправилности и недостатоци, забелешките, изјавите и другите релевантни факти и околности, инспекторот составува писмен записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор.

(2) Записникот од став (1) на овој член го потпишуваат инспекторот и субјектот на инспекцискиот надзор, на кој му се предава еден примерок од записникот. Ако субјектот на инспекцискиот надзор одбие да го потпише записникот, инспекторот во записникот ги наведува причините за одбивањето.

(3) По исклучок од став (1) на овој член, кога поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, не е можно да се состави записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор, записникот се

составува во службените простории на инспекцијата во рок од три дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор, со образложение за причините.

(4) Примерок од записникот од став (3) на овој член се доставува на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот од став (3) на овој член, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека се согласува со неговата содржина.

(5) Формата и содржината на записникот за извршен инспекциски надзор ги пропишува министерот за јавна администрација.

Трошоци на инспекциски надзор

Член 66

(1) Трошоците за вршење на инспекциски надзор ги опфаќаат посебните издатоци во готови пари на инспекцијата што ја води инспекциската постапката, како што се: патните трошоци на инспекторите, издатоците за сведоци, вештаци, толкувачи, увид, анализа на примерок и слично, а кои настанале со спроведувањето на инспекциската постапката и по правило ги поднесува оној на чија штета е завршена инспекциската постапка.

(2) Трошоците од став (1) на овој член, за инспекциската постапка која е завршена без изрекување на инспекциска мерка, паѓаат на товар на инспекцијата која го извршила инспекцискиот надзор.

(3) Трошоците од став (1) на овој член, за постапка која е завршена со изрекување на инспекциска мерка, освен опомена, паѓаат на товар на субјектот на инспекциски надзор.

(4) Висината на трошоците од став (1) на овој член ја утврдува министерот на предлог на директорот, односно функционерот.

Превентивни мерки

Член 67

Со цел да се реализира превентивната функција од работата на инспекциите, тие:
- одговараат на писмени прашања од физички и правни лица кои се однесуваат на областите за кои е надлежна инспекцијата;
- преку медиумите ја информираат јавноста за најчестите констатирани неправилности и за последиците од прекршувањето на законите и другите прописи и
- дејствуваат на други начини во однос на подигање на јавната свест за значењето на почитувањето на законите и прописите од нивната област.

Инспекциски акт и опомена

Член 68

(1) При вршење на инспекциски надзор, инспекторот со инспекциски акт изрекува инспекциска мерка задолжување, наредба, забрана или друга мерка утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, при полесни повреди утврдени со посебните закони, инспекторот пред изрекување на инспекциската мерка задолжително со инспекциски акт изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани утврдените неправилностите и недостатоците.

(3) Инспекцискиот акт од ставовите (1) и (2) на овој член, се донесува најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот од член 65 од овој закон.

(4) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со инспекцискиот акт од став (2) на овој член, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот од член 65 од овој закон.

(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога е во прашање преземање на исклучително итни мерки, со цел обезбедување на јавниот мир и безбедност или заради отстранување на непосредна опасност за животот и здравјето на луѓето или за имотот, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усен инспекциски акт.

(6) Во случајот од став (4) на овој член инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рокот од став (2) на овој член да донесе инспекциски акт во писмена форма за изрекување на инспекциската мерка.

(7) Формата и содржината на инспекцискиот акт од ставовите (1) и (2) на овој член ги пропишува министерот за јавна администрација.

Привремена забрана за вршење на дејност

Член 69

(1) Ако инспекторот утврди неправилности и недостатоци со кои се загрозува животот или здравјето на луѓето или на животната средина, како и во други случаи определени со закон, инспекторот привремено забранува вршење на дејност на субјектот на инспекцискиот надзор со запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства, до отстранување на неправилностите и недостатоците.

(2) Субјектот на инспекциски надзор не смее да го отстрани запечатувањето од став (1) на овој член, пред времето определено од инспекторот.

Правно средство

Член 70

(1) Против инспекцискиот акт од член 68 ставови (1) и (2) од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на инспекцискиот акт, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.
(2) Жалбата од став (1) на овој член не го одлага извршувањето на инспекцискиот акт.

Објавување на инспекциски акт

Член 71

Инспекцискиот акт се објавува на веб страницата на инспекцијата, најдоцна пет денови од денот на конечноста на инспекцискиот акт, согласно прописите за заштита на личните податоци.

Однос на надлежните органи со инспекциите

Член 72

(1) Постапката на надлежните органи по однос на барањата и пријавите на инспекторите е итна.

(2) Надлежниот орган е должен да ги земе во разгледување барањата и пријавите од став (1) на овој член најдоцна во рок од осум дена од денот на приемот, доколку со овој или друг закон не е определен пократок рок.

(3) Надлежниот орган до кој е поднесена кривична пријава, барање за поведување на прекршочна постапка или барање за поведување на друга соодветна постапка е должен за резултатите од постапката да ја извести надлежната инспекција.

## ГЛАВА X
## ПОСЕБНИ ДЕЈСТВИЈА НА ИНСПЕКЦИСКАТА ПОСТАПКА

### Земање примерок
### Член 73

Доколку во постапката на инспекцискиот надзор е потребно да се утврди дали производите во производството или во продажбата одговараат на пропишаниот состав, односно квалитет, инспекторот може да земе примерок согласно закон.

### Постапка за земање на примерок
### Член 74

При земањето на примерок инспекторот е должен:

- во исти услови и во исто време да земе најмногу три примероци во количина потребна за испитување (за прва анализа, за втора анализа по барање на субјектот на инспекцискиот надзор и за супер анализа);
- да состави записник за земањето на примерок;
- примероците да ги запечати и прописно да ги означи;
- да го достави без одлагање примерокот за првата анализа до акредитирана институција за вештачење, а вториот и третиот примерок да ги чува во соодветни услови;
- да го извести писмено и без одлагање субјектот на инспекциски надзор за резултатите од анализата;
- да го достави без одлагање вториот примерок на анализа до друга акредитирана институција по барање на субјектот на инспекциски надзор и
- со посебен инспекциски акт да го утврди износот на трошоците што настанале во текот на постапката во врска со анализата на примероците, во случај кога примерокот не соодветствува со пропишаните стандарди.

### Претпоставка за согласност
### Член 75

Ако субјектот на инспекциски надзор при земањето на примерокот за анализа не бара истовремено земање на примерок за втора анализа, не може да ги оспорува резултатите од добиената анализа.

### Оспорување на резултатите од анализата
### Член 76

(1) Субјектот на инспекциски надзор може да ги оспорува резултатите од анализата на првиот примерок со барање за вршење на анализа на вториот примерок (земен во исто

време и на ист начин), во рок од три дена од денот на доставувањето на резултатите од анализата на првиот примерок.

(2) Ако субјектот на инспекциски надзор, барањето од став (1) на овој член не го достави во пропишаниот рок, се смета дека се согласува со резултатите од анализата на првиот примерок.

(3) Анализата на вториот примерок не може да и се довери на акредитираната институција која ја извршила анализата на првиот примерок.

(4) Ако резултатите од анализата на вториот примерок не се во согласност со резултатите од анализата на првиот примерок, инспекторот во рок од три денови од приемот на овие резултати е должен да поднесе барање за вршење на супер анализа до соодветна акредитирана институција.

(5) Супер анализата од став (4) на овој член, не може да ја врши акредитирана институција која ги вршела претходните анализи, а ако нема други институции за вршење на тие анализи во земјата, анализата може да се довери на институција од земјите членки на Европската Унија.

Трошоци од анализата
Член 77

(1) Трошоците од анализата ги сноси субјектот на инспекциски надзор, ако се утврди дека земените примероци не одговараат на пропишаните стандарди.

(2) Трошоците од анализата ги сноси надлежната инспекција, ако се утврди дека примероците одговараат на пропишаните стандарди.

Привремено одземање на предмети заради обезбедување на докази
Член 78

(1) Инспекторот може во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор, привремено да одземе документи, стока, живи животни и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка (во натамошниот текст: предметите).

(2) Одземањето на предметите од став (1) на овој член трае до правосилност на инспекцискиот акт за одземање.

Задолжително привремено одземање на предмети
Член 79

Инспекторот е должен привремено да одземе предмети кога е пропишано нивното задолжително одземање, кога со нив е сторен прекршок или кривично дело или ако тоа е потребно заради спречување на потешки последици согласно закон.

Задолжително издавање на потврда за привремено одземени предмети
Член 80

(1) За одземените предмети од субјектот на инспекцискиот надзор, инспекторот кој го врши инспекцискиот надзор, задложително му издава потврда за привремено одземање на предмети.

(2) Потврдата од став (1) на овој член содржи: деловоден број на потврдата; датумот, времето и местото на одземање на предметите; името и презимето, односно називот на субјектот на инспекциски надзор; правниот основ за одземање на предметите; целосен попис предмети; други податоци потребни за препознавање на одземените предмети, потпис од субјектот на инспекциски надзор односно од одговорното лице на субјектот на инспекциски надзор; како и име, презиме и потпис на инспекторот кој го извршил инспекцискиот надзор.

(3) Доколку субјектот на инспекциски надзор одбие да ја потпише и/или земе потврдата од став (1) на овој член, тоа се констатира на самата потврда, со наведување на причините за одбивањето.

Обврска за предавање на одземените предмети

Член 81

(1) Одземените предмети инспекторот ги предава на Агенцијата за управување со одземен имот на Република Северна Македонија.

(2) Барањето за поведување на прекршочна постапка во врска со став (1) од овој член се поднесува до надлежниот суд односно прекршочен орган по спроведувањето на постапка за порамнување.

(3) Надлежниот суд или прекршочен орган во случаите од став (1) на овој член е должен да одлучи по итна постапка.

Обезбедување на услови за привремено одземање на предмети

Член 82

(1) Инспекцијата е должна да обезбеди соодветни просторни и технички услови за чување на привремено одземените предмети до нивното предавање на Агенцијата за управување со одземен имот, доколку со закон поинаку не е утврдено.

(2) Доколку инспекциската служба не располага со соодветни просторни и технички услови за чување на привремено одземените предмети или живата стока, може да изнајми такви простори согласно закон.

## ГЛАВА XI
## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Глоби за субјекти на инспекциски надзор

Член 83

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 3.000 до 6.000 евра

во денарска противвредност за средни трговци и од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршокот на правното лице, ако:

- во рок од три денови од добивање на барање од инспекторот не му ги достави бараните податоци со кои располага и кои податоци се од значење за спроведување на инспекцискиот надзор (член 53 став (1) од овој закон);
- на инспекторот не му овозможи пристап до просториите, производите или кое било друго средство кое е предмет на инспекцискиот надзор, како и увид во целокупната документација и информации неопходни за утврдување на фактичката состојба, кои се предмет на инспекцискиот надзор (член 55 алинеја 1 од овој закон);
- на инспекторот не му достави или подготви точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор (член 55 алинеја 3 од овој закон);
- не го прекине работењето за време на инспекцискиот надзор (член 55 алинеја 5 од овој закон);
- не му дозволи на инспекторот да земе примерок (член 73 од овој закон);
- на инспекторот не му ги обезбеди условите неопходни за спроведување на инспекцискиот надзор (член 55 алинеја 4 од овој закон);
- не определи лице кое ќе биде присутно при вршењето на инспекцискиот надзор (член 55 алинеја 5 од овој закон);
- го отстрани знакот за запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства, пред времето определено од инспекторот (член 69 став (2) од овој закон) или
- не му дозволи на инспекторот привремено да одземе документи, стока и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка (член 78 став (1) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршоците од став (1) на овој член на физичко лице.

### Глоби за директорот односно функционерот

### Член 84

Глоба во износ од 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот односно функционерот, ако:

- не го подготви и објави годишниот извештај за работа на инспекциската служба за претходната година (член 28 од овој закон) или
- не ги осигура инспекторите за случаи на несреќа при работа (член 41 од овој закон).

### Порамнување

### Член 85

За прекршоците од членовите 83 и 84 од овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците.

### Надзор над примената на законот

### Член 86

(1) Надзор над примената на овој закон врши Министерството за јавна администрација.

(2) Инспекциски надзор врши Државниот управен инспекторат.

## ГЛАВА XII
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Започнати постапки
### Член 87

(1) Инспекциските постапки започнати до денот на отпочнувањето со примената на овој закон, ќе завршат согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето со примената на овој закон.

(2) Постапките за вработување и унапредување на инспектори започнати пред денот на отпочнувањето со примена на овој закон, ќе завршат согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број бр.102/19, 272/24 и 22/25).

### Инспекциски совет
### Член 88

(1) Со денот на отпочнувањето со примената на овој закон Инспекцискиот совет се укинува.

(2) Мандатот на претседателот и членовите на Инспекцискиот совет избрани согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број бр.102/19, 272/24 и 22/25), престанува со денот на отпочнувањето со примената на овој закон.

### Свикување на Колегиумот
### Член 89

Министерот за јавна администрација го свикува Колегиумот на директори на државните инспекторати во рок од 30 дена од денот на отпочнувањето со примената на овој закон.

### Воспоставување на регистрите и информацискиот систем за инспекциски надзор
### Член 90

Регистрите и информацискиот систем за инспекциски надзор ќе се воспостават во рок од 30 дена од денот на отпочнувањето со примената на овој закон.

### Статусни прашања
### Член 91

(1) Генералните инспектори од нивото Б1 вработени до денот на отпочнувањето со примената на овој закон го задржуваат своето звање.

(2) Нивото и звањето на работното место на инспектори од нивото В4 – помлад инспектор утврдени Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број бр.102/19, 272/24 и 22/25) се заменува со ниво на работно место и звање на инспектор  В3 –со звање помлад инспектор утврдено со членот 33 алинеја 2 точка 3 од овој закон.

(3) Нивото и звањето на работното место на инспектори од нивото В4 – помлад инспектор утврдени Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број бр.102/19, 272/24 и 22/25) се заменува со ниво на работно место и

звање на инспектор  В2 –со звање самостоен инспектор утврдено со членот 33 алинеја 2 точка 2 од овој закон.

(4) Со денот на отпочнување на примената на овој закон, секое испразнето работно место за генерален инспектор од нивото Б1 и помошник инспектор од нивото В4 се укинува.

(5) Институциите може да систематизираат работно место на генерален инспектор или помошник инспектор само доколку преземаат генерален инспектор или помошник инспектор од друга институција или кога генералниот инспектор или помошникот инспектор се враќаат по престанок на мирувањето на работниот однос.

(6) Во случаите од ставот (4) на овој член, услов за добивање позитивно мислење на актот за систематизација од Министерството за јавна администрација, е институцијата да достави образложение со наведени причини за таквото преземање, податоци за генерален инспектор односно помошник инспектор кој се презема, како и измена на актот за систематизација на институцијата од која генерален инспектор односно помошник инспектор се презема со укинување на неговото работно место или кога се враќа по престанок на мирувањето на работниот однос.

(7) Инспекторите кои до денот на отпочнувањето со примената на овој закон имаат важечки лиценци за инспектор, продолжуваат да работат како инспектори.

(8) Службените легитимации и значки на инспекторите издадени до денот на отпочнувањето со примената на овој закон,  согласно  Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број бр.102/19, 272/24 и 22/25), ќе важат до издавање на нови службени легитимации и значки согласно овој закон.

(9) Новите службени легитимации и значки на инспекторите ќе се издадат во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето со примена на овој закон.

(10) Општинските даночни инспектори вработени во организациските единици за инспекциски надзор во состав на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје кои според претходно важечките прописи не се стекнале со лиценца за инспектори, а се со ист статус како општинските инспектори од другите области, ќе се стекнат со статус инспектор и за нив ќе се применуваат одредбите од овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и одредбите од посебните закони  и колективни договори.

### Усогласување на законите
### Член 92

Законите со кои е уредена организацијата и надлежноста на инспекциите, ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Донесување на подзаконските акти
### Член 93

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од четири месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Усогласување на актите за внатрешна организација и актите за систематизација

на работните места
Член 94

Институциите ќе ги усогласат актите за внатрешна организација и актите за систематизација на работните места во рок од три месеци од денот на отпочнувањето со примената на овој закон.

Преземање на вработени од Инспекцискиот совет
Член 95

(1) Со денот на отпочнувањето со примената на овој закон, вработените во стручната служба на Инспекцискиот совет основан согласно Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19, 272/24 и 22/25) ги презема Министерството за јавна администрација, во организациона единица за спроведување на овој закон.

(2) Министерството за јавна администрација во рок од 30 дена од денот на отпочнувањето со примената на овој закон е должно да го измени актот за систематизација на работни места на Министерството за јавна администрација.

(3) Со денот на отпочнувањето со примената на овој закон, имотот, средствата, предметите за работа, архивата и документацијата, како и обврските на Инспекцискиот совет, ги презема Министерството за јавна администрација.

Престанок на важност
Член 96

Со денот на отпочнувањето со примената на овој закон, престанува да важи Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19, 272/24 и 22/25).

Влегување во сила
Член 97

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на Закон за инспекциски надзор е систематизиран во 12 глави и 97 члена.

Главата I од овој закон ги содржи општите одредби на законот, го утврдува предметот на законот и неговата примена, го определува значењето на изразите определени во овој закон и употребата на јазиците и писмата.

Главата II ги регулира основните начела на инспекцискиот надзор, и тоа начело на законитост и начело на заштита на јавниот интерес; начело на еднаквост, непристрасност и објективност, начело на одговорност, начело на материјална вистина, начело на сослушување на субјектот на инспекцискиот надзор, начело на самостојност, начело на јавност, начело на пропорционалност, начело на превенција и начело на супсидијарност.

Главата III ја пропишува координацијата на работата на инспекциите во форма на Колегиум на директори на државни инспекторати.

Главата IV ја уредува организацијата на инспекциите и раководењето со државните инспекторати и со инспекциските служби, општите услови за именување и разрешување на директор на државен инспекторат, надлежностите на директорот на државниот инспекторат и на функционерот на инспекциската служба.

Главата V го пропишува следењето и работат на инспекциите, проценката на ризик на кој се заснова инспекцискиот надзор, коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор, годишниот план за работа на инспекциската служба, месечниот план за работа на секој инспектор, Годишниот извештај за работа на инспекциската служба, обврска за водење регистри и информациски систем за инспекциски надзор, и инспекциска евиденција.

Главата VI го уредува статусот на инспектор, категориите и нивоа на работни места на инспектори и звањата, посебните услови за вработување на инспектор, постапките за пополнување на работно место за инспектор, испитот, службена легитимација и значка за инспектор.

Главата VII ги утврдува правата и обврските на инспекторот, како правото на плата, надоместоци и додатоци на плата, право на стручно усовршување и обучување, осигурување од несреќа при работа, обврска за чување на тајна и заштита на лични податоци, како и дисциплинската одговорност.

Главата VIII го уредува управувањето со учинокот на инспекторот, оценувањето на учинокот, критериумите за успешност и оценката за учинок на инспекторот.

Главата IX го пропишува начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор, целта на инспекцискиот надзор, должноста за легитимирање при вршење на инспекциски надзор, права на инспекторот при вршење на инспекциски надзор, соработката со државни органи и други институции, право и обврска на субјектот на инспекциски надзор, видовите на инспекциски надзор, листата за проверка, содржина на иницијативата за инспекциски надзор, инспекциски надзор кај непознат субјект, составувањето записник за извршен инспекциски надзор, трошоците од инспекциски надзор, превентивните мерки, изрекување опомена и донесување на решение, привремена забрана за вршење на дејност, правото на жалба, објавувањето на инспекциските акти и односот на надлежните органи со инспекциите.

Глава X ги уредува посебните дејствија на инспекциската постапка, како постапката за земење примерок и претпоставката за согласност, можност за оспорување на резултатите од анализата, трошоците на анализата, привремено одземање на предмети

заради обезбедување на докази, задолжително оздемање на предмети и издавање потврда за тоа, обврската за предавање на одземените предмети и должност за обезбедување на услови за привремено одземање на предмети.

Главата XI ги утврдува прекршочните одредби и глобите за субјектите на инспекцискиот надзор, за директорот односно функционерот на инспекциската служба, постапката на порамнување и надзорот над примената на законот.

Главата XII ги опфаќа одредбите за продниот период кои се однесуваат на решавање на започнатите постапки, мандатот на претседателот и членовите на Инспекцискиот совет, свикувањето на Колегиумот, статусните прашања за инспекторите, обврската за усогласување на законите, актите за внатрешна организација и актите за систематизација на работните места, донесувањето на подзаконските акти, преземањето на вработените од Инспекцискиот совет, престанување на важење и влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се пименливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се направи усогласување на генералните прашања кои се однесуваат на инспекцискиот надзор со европските принципи, стандарди и препораки.

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за јавна администрација |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за инспекциски надзор |
| Одговорно лице и контакт информации: | Есма Адиловиќ Фазлиќ<br>esma.adilovic@mioa.gov.mk<br><br>Катерина Д.Трајковска<br>katerina.trajkovska@mioa.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☐ Нацрт<br>☒ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 31.12.2024 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација: | / |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација: | / |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Мај 2025 година |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Инспекцискиот надзор е една од функциите на државата која има круцијално значење за деловното работење и за управувањето, неопходна за обезбедување на владеење на правото, следење и контрола на исполнувањето на барањата и обврските кои ги наметнуваат бројните прописи.

Поставеноста на инспекциските служби и вршењето на инспекцискиот надзор се уредени со бројни закони (општи и посебни) и подзаконски акти. Со општите закони се опфатени некои општи прашања од значење за поставеноста и работата на инспекциските служби, како што се: Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ), Законот за инспекциски надзор (ЗИН), Законот за општата управна постапка (ЗОУП) и Закон за прекршоци, а со посебните закони подетално се уредува организирањето и функционирањето на одредени инспекциски служби и/или надзорот во конкретната област, како што се: Закон за управна инспекција (ЗУП), Закон за просветната инспекција (ЗПИ), Закон за животната средина (ЗЖС) и други.

Со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19 и 272/24) кој се применува од 30.11.2019 година, се уредуваат основните начела на инспекцискиот надзор, статусот, надлежностите и работењето на Инспекцискиот совет, организацијата и раководењето со инспекциските служби, следењето, контролата и координацијата на работата на инспекциските служби, статусот и вработувањето на инспектор, лиценцата за инспектор, правата и обврските на инспектор (системот на надоместоци на плати на инспекторите, системот за стручно усовршување и обука на инспекторите), учинокот на инспектор, права и обврски на субјектите на инспекциски надзор при вршење на инспекциски надзор, постапката на вршење инспекциски надзор, посебните дејствија во инспекциската постапка, односите на инспекциските служби и надлежните органи, како и спроведувањето на законот.

Согласно овој закон, Инспекцискиот совет, како самостоен орган на државната управа е поставен како клучна институција во системот на инспекциски надзор, а една од неговите основни надлежности е да ја следи и координира работата на инспекциските служби со статус на органи во состав на министерствата и организациски единици за инспекциски надзор во состав на други органи на државната управа. Во една ваква констелација, Советот е надлежен за 28 инспекциски служби воспоставени во системот на државна управа и кои го уредуваат своето работење согласно Законот за инспекциски надзор, од кои 15 функционираат како инспекторати, а 13 инспекциски служби функционираат како организациски единици во други органи на државната управа. Советот е надлежен за давање на согласност на годишниот план за инспекциски надзор, со што има директен увид и контрола на работењето врз овие инспекциски служби, бидејќи годишниот план е основата за нивното работење, кој потоа се операционализира во месечни планови за работа на секој инспектор, како и дава мислење на шестмесечните извештаи за инспекциски надзор. Во рамките на координативната функција на Инспекцискиот совет спаѓа и неговата надлежност за прибирање на месечните планови за работа на секој инспектор, поднесување на предлози за разрешување на директор на инспекциска служба, предлог за поведување на дисциплинска постапка против раководител на инспекциска сужба како и иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор.

Од друга страна со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/24), чиј главен фокус е реорганизацијата на министерствата, во членот 27 се воспоставуваат линии на отчетност помеѓу ресорните министерства и органите во нивен состав, во однос на одобрување на годишен план за работа на органот во состав, полугодишен и годишен извештај за работа на органот, од страна на ресорниот министер. При тоа се реафирмира и зајакнува улогата на министерствата во однос на надзорот над законите од нивна надлежност. Овие законски измени ја наметнаа потребата за усогласување на посебните закони со кои се уредуваат основањето, работите, надлежностите на органите на државната управа и другите општи акти од надлежност, и во таа насока Законот за инспекциски надзор беше изменет и дополнет.

Дополнително, Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 253/23) утврдува намалување на висината на глобите преку утврдување на точен распон на висината на прекршочните глоби, кое ја наметна потребата за усогласување на сите материјални закони во правец на усогласување со предвидената висина на глобите во Законот за прекршоците.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Од досегашната имплементација на законот, ваквиот модел на инспекциска координација од страна на Инспекцискиот совет кој има широк опфат е посочен како неефикасен во документот насловен како "Препораките за реорганизација на Инспекцискиот совет", подготвени во рамките на активностите од Проектот „Поддршка на државната реорганизација", каде се препорачува укинување на сегашната негова форма. Дополнително, со цел подобрување на работата и координацијата на инспекцискиот надзор, во рамките на програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028) се предвидува трансформација на Инспекцискиот совет во координативно тело на директорите на инспекциските служби, а бројот на инспекциски органи да соодветствува на бројот на министерски системи.

Со последните измени на Законот за инспекциски надзор, објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" на 27.12.2024 година, се направи усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/24), во насока на воведување на линии на отчетност на директорот на државниот инспекторат (како орган во состав на министерството) кон ресорниот министер, (преку доставување на одобрување годишни планови за работа и полугодишни и годишни извештаи за работа до ресорниот министер) а притоа истиот-директорот и понатаму го именува и разрешува Владата. Ова создава ситуација на неконзистентна системска линија на отчетност односно поднесување извештај до ресорниот министер имплицира дека министерот има надлежност да го оценува и надгледува работењето на директорот, а од друга страна именување и разрешување од страна на Владата, пак, значи дека крајната одговорност и овластувања за раководење со директорот лежат кај Владата, а не кај ресорниот министер. Нејсната поставеност и неопределеност кој орган ја носи крајната одговорност за работењето на директорите – дали тоа е ресорниот министер или Владата, води кон правна несигурност и слабост во контролирањето и управувањето.

Воедно, Законот за инспекциски надзор не е изменет и дополнет од неговото донесување, односно не се направени и потребните усогласувања со Законот за прекршоците, во однос на намалување на висината на глобите преку утврдување на точен распон на висината на прекршочните глоби, што исто така доплнително прави дисбаланс на правниот систем.

## 22. Цели на предлог регулативата

Основната цел на Предлог на Законот за инспекциски надзор е да воведе нов, поефикасен начин на координација на работата на инспекциските служби, како и да обезбеди јасна и доследна структура на отчетност преку обединување на надлежностите за назначување, разрешување и следење на работата во рамките на истиот орган.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Опција 1: Опцијата "не прави ништо" значи моделот на координација на инспекциските служби да остане неефикасен, како и одговорноста за работењето на директорите да биде недефинирана, што го ослабува процесот на контрола и управување.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Опција 2: Донесување на нов закон е единствената прифатлива опција за решавање на проблемите идентификувани во точка 1, односно да се воспостави нов поефикасен модел на координација на работата на различните инспекции, преку формирање Колегиум на директори на државни инспекторати како меѓуресорско координативно работно тело составено од директорите на државните инспекторати.

Исто така, ќе се конкретизира надлежноста на ресорниот министер во однос на именување и разрешување на директорите на државните инспекторати (како орган во состав на министерството) како и следење на нивното работење, што ќе придонесе за зголемување на ефикасноста и транспарентноста на процесот на оценување на нивната работа.

Министерството за јавна администрација од Инспекцискиот совет ќе ги преземе надлежностите во однос на донесување на општите подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон, а ресорните министери ќе бидат надлежни да ги пропишат подзаконските акти со кои се уредуваат специфични прашања од надлежност на инспекциската служба организирана како орган во состав на министерството. Со укинување на Инспекцискиот совет, вработените, просториите, опремата, документацијата и другите средства за работа се преземаат во Министерството за јавна администрација.

Во однос на статусот на инспекциските служби Законот за инспекциски надзор не се менува, односно и понатаму се остава можности истите да се организираат како органи во состав на министерствата (државни инспекторати) или како организациони единици во рамките на министерствата (сектори и одделенија). При тоа како организациони единици во рамките на министерствата (сектори и одделенија) се организирани оние инспекциски служби кои немаат голем обем на работа, односно служби кои вршат инспекциски надзор над помал број на субјекти и во ваков случај поради ограничениот обем на работа е нерационално да се формираат посебни органи за инспекциски надзор за кои би требало да се именува директор и да се вработуваат дополнително лица за административни работи (финансии, јавни набавки, човечки ресурси и сл.). Досегашното решение овие инспекциски служби да функционираат како сектори и одделенија е многу поекономично и рационално. Во општините пак сите инспекциски служби остануваат како сектори и одделенија.

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор ќе се направи усогласување со Законот за прекршоците на начин што ќе се утврди висината на глобите во точен распон, наместо како досега да биде опреден минималниот праг, и тоа за правното лице-субјект на надзор, одговорното лице во правното лице, физичкото лице, и за директорот односно функционерот на инспекцијата.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

**Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:**

### 4.1 Економски влијанија

Опција 1: Нема

Опција 2: Поголема правна сигурност за субјектите на надзор што треба да ја донесат решенијата од законот. Намалувањето на износот на глобите ќе има позитивно влијание врз субјектите од приватниот сектор.

### 4.2 Фискални влијанија

Опција 1: Нема

Опција 2:

Позитивно влијание: Намалување на трошоците во Буџетот на Република Северна Македонија од престанување на мандатот на претседателот и на членовите на Инспекцискиот советот. Со укинување на функционерските позиции во Инспекцискиот Совет, проценката е дека

државата ќе заштеди 1.307.000 денари на месечно ниво или ако зборуваме на годишно ниво ќе заштедиме 15.684.000 денари или 255 илјади евра, кои се исплаќаат за платите на претседателот и на 6-те членови на Инспекцискиот совет. Дополнително, ќе има и други заштеди со укинувањето на овие позиции, кои што се поврзани со привилегиите на избраните и именуваните функционери. Истовремено, се намалува бројот на органи на државна управа, што претставува една од мерките на процесот на реорганизација на органите на државната управа. Стручната служба, односно вработените ќе бидат превземени во Министерството за јавна администрација, со што ќе се зајакнат капацитетите во однос на човечките ресурси на Министерството. Притоа, дополнително се укинува и работната позиција на Генералниот секретар на Инспекцискиот совет, со што се заштедува дополнително 1.120.056 денари на годишно ниво. Со оваа реформа, вкупните заштеди во Буџетот на Република Северна Македонија ќе бидат 16.804.056 денари или 273 илјади евра на годишно ниво.

**4.3 Социјални влијанија**

Опција 1: Нема
Опција 2: Нема

**4.4 Влијанија врз животната средина**

Опција 1: Нема
Опција 2: Нема

**4.5 Административни влијанија и трошоци**

**а) трошоци за спроведување**

Опција 1: Има

Опција 2: Предлог законот има административни влијанија и трошоци кои се однесуваат на Министерството за јавна администрација, поврзани со преземање на надлежностите од Инспекцискиот совет, поточно надлежноста за донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон, како и преземањето на вработените, просториите, опремата, документацијата и другите средства за работа од Инспекцискиот совет за да може Министерството за јавна администрација да ја извршува новата надлежност и надзорната функција на законот.

Исто така, предлог законот има административни влијанија и трошоци кои се однесуваат на ресорните министерства со инспекторати во состав, поврзани со новите надлежност за: именување и разрешување на директорите; донесување на подзаконски акти; донесување на програмски и извештајни документи; издавање и одземање на службена легитимација и значка на инспектор; решавање за дисциплинска одговорност за дисциплински престап на инспекторот и тн.

**б) трошоци за почитување на регулативата**

Опција 1: Нема
Опција 2: Нема

## 5. Консултации

**5.1 Засегнати страни и начин на вклучување**

Во процесот на изработувањето на овие законски одредби преку писмени барања мислења на законот ќе се побара вклучување на Министерството за правда, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Засегнати страни врз кои предлог регулативата ќе има влијание се државните инспекторати како органи во состав на министерствата и самите министерства, инспекциските служби организирани како

организациони единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа и во општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје-сектор или одделение за инспекциски надзор и Министерството за јавна администрација.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

По завршување на процесот на консултации, беа земени во предвид мислењата, забелешките и коментарите од ЕНЕР и по е-маил доставени до Министерството за јавна администрација од страна на поедини инспектори и инспекциски служби, кои беа соодветно вградени во предлог текстот на законот.

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

**Опција 1. Решение „не прави ништо"**

**Позитивни влијанија** – нема

**Негативни влијанија** – Решението „не прави ништо" оневозможува надминување и решавање на проблемите кои беа разгледувани. Доколку не се преземат дополнителни чекори ќе се соочуваме со неконзистентен правен систем и неусогласени законски прописи.

**Опција 2. Донесување на нов закон**

**Позитивни влијанија** - Со донесувањето на нов Закон за инспекциски надзор, ќе се разрешат на најприфатлив начин слабостите и недостатоците на постојното законско решние преку воспоставување на нов, поефикасен начин на координација на инспекциското работење во однос на утврдување на потреба за спроведување на заеднички инспекциски надзор, размена на информации од значење на сите инспекции, разгледување на годишните извештаи на инспекциите и заземање ставови за резултатите од извештаите и предлагање на области за генерички и специјализирани обуки на инспекторите. Истовремено ќе се зајкне управувањето и отчетност во институционалниот систем.

**Негативни влијанија** – нема

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

**Опција 1. Решение „не прави ништо"**

Ризикот од избор на решението „не прави ништо" е дека истиот ќе создаде несигурност во правниот систем.

**Опција 2. Донесување на нов закон**

Според досегашната анализа и оцена на состојбите, не се детектирани одредени ризици кои би можеле да се појават во спроведувањето и примената на втората опција односно препорачаното решение.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Се препорачува донесување на Закон за инспекциски надзор и воведување на нов облик на координирано функционирање на инспекциските органи. Колегиумот на директори на државните инспекторати ќе има клучна улога за систематско разгледување и решавање на најважните прашања во врска со инспекциското работење. Со утврдување на потребата за спроведување на заеднички инспекциски надзор директно од страна на самите инспекциски служби, се поттикнува унапредување на соработката помеѓу различни инспекциски тела, што резултира со поголема ефикасност во идентификувањето и

решавањето на прекршувања. Размената на информации меѓу инспекциите има голема важност за координирање на активностите и осигурување дека сите релевантни информации се користат во процесот на донесување одлуки, што ги прави инспекциите поинформирани и поврзани. Прегледувањето на годишните извештаи на инспекциите и формирањето ставови за резултатите од нив, овозможува континуиран мониторинг и оценка на инспекциските активности. Исто така, предлагањето области за генерички и специјализирани обуки на инспекторите гарантира дека инспекциските служби ќе продолжат да се развиваат, со што се зголемува нивната професионалност и подготвеност за соочување со новите предизвици.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

За спроведувањето на овој закон има потреба од корелативно менување на други закони и подзаконска регулатива од сродни области, со кои се уредуваат прашањата поврзани со оваа измена.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Со предлог законот се предвидува донесување на 16 подзаконски акти, во рок од три месеци од денот на примената на овој закон, и тоа:

1. Акти кои ќе ги пропише министерот за јавна администрација:
- Правилник за формата и содржината на годишниот план за работа на инспекцијата;
- Правилник за формата и содржината на месечниот план за работа на секој инспектор;
- Правилник за формата и содржината на годишниот извештај за работа на инспекцијата;
- Правилник за формата, содржината и начинот на воспоставување, водење и користење на регистрите и информацискиот систем за инспекциски надзор;
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на инспекциската евиденција;
- Трошоците за полагање на испитот за инспектор;
- Програма за полагање на испитот за инспектор, начинот на полагањето на испитот за инспектор, начинот на пријавување на испитот, како и формата и содржината на барањето за полагање на испит;
- Правилник за начинот на оценување и формата и содржината на образецот за оценување на учинокот на инспекторот;
- Правилник за елементите од критериумите за успешноста на инспекторот;
- Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор и
- Правилник за формата и содржината на записникот за извршен инспекциски надзор.

2. Акти кои ќе ги пропише ресорниот министер на предлог на дирекоторот на државниот инспекторат односно функционерот на предлог на раководителот на инспекциската служба
- Методологија за проценка на ризик, елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик;
- Правилник за коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор;
- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација и значката на инспекторот, како и начинот на нивното издавање и одземање;
- Правилник за формата и содржината на решението по извршен инспекциски надзор и
- Трошоците на инспекцискиот надзор.

3. Деловник за работа на Колегиумот на директори на државни инспекторати.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

Надлежни органи за спроведување се Министерството за јавна администрација (преку донесување на дел од подзаконските акти и надзор над спроведувањето на овој закон) и сите министерства во чии рамки има државни инспекторати како органи во состав, како и Државниот управен инспекторат преку спроведување на инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон, како и на прописите донесени врз основа на него.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон

Доближување на новото законско решение и начинот на имплементација до сите министерства во чии рамки има државни инспекторати како органи во состав, а како советувања, консултации и состаноци и воспоставување на систем на редовна комуникација во рамки на истата.

Преку консултирање за доследно почитување на законот и меѓусебна соработка на сите инволвирани страни ќе се овозможи ефикасно спроведување на истиот.

Воедно, донесениот закон ќе биде објавен на веб страницата на Министерството за јавна администрација.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Ефектите од спроведување на решението ќе се следат од страна на Министерството за јавна администрација кое ќе врши надзор над спроведувањето на овој закон.

Државниот управен инспекторат ќе врши инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон.

Секое ресорно министерство ќе врши контрола над работата на инспекторатите во состав, во рамките на надлежностите утврдени во овој закон, преку годишните извештаи и годишните планови за работа.

Колегиумот ќе подготвува збирен извештај од годишни извештаи на државните инспекторати и ќе го доставува до Владата за информирање најдоцна до 31 март од тековната година за претходната година. Врз основа на анализата од податоците во збирниот извештај, Колегиумот ќе изготвува наоди, насоки и препораки за подобрување на работењето на инспекциите.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Министерството за јавна администрација во соработка со Државниот управен инспекторат по истекот на соодветен период (од најмалку две години од влегувањето во сила на овој закон) би можело да даде соодветна евалуација на ефектите од примената на овој закон.
Како индикатор ќе се користи:

- Број на одржани Колегиуми на директори на државните инспекторати во текот на една година.
- Број на доставени Годишни извештаи за работа на инспекциите до Колегиумот од страна на државните инспекторати во текот на една година.
- Број на објавени Годишни извештаи за работа на инспекциите во текот на една година.

**Изјава од државниот секретар**

**Влада на Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** ____________

.................................................
**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** ____________
..........................................

**потпис на Министерот**

9

**Влада на Република Северна Македонија**

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| **1. Назив на предлогот:** | **2. Министерство / орган на државна управа:** |
| --- | --- |
| Предлог на Закон за инспекциски надзор, по скратена постапка | Министерство за јавна администрација |
| **3. Цел на предлогот:** | **4. Вид на предлог:** |
| Целта на Предлог на Законот за инспекциски надзор, по скратена постапка е да воведе нов, поефикасен начин на координација на работата на инспекциските служби, како и да обезбеди јасна и доследна структура на отчетност преку обединување на надлежностите за назначување, разрешување и следење на работата во рамките на истиот орган. | Предлог Закон |
| **5. Контакт лице и звање:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Есма Адиловиќ Фазлиќ- Раководител на сектор за реформа на јавна администрацијата | esma.adilovic@mioa.gov.mk |

**7. Активност:**

**8. Вид на барање:**

| | | |
| --- | --- | --- |
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

**9. Цел на барањето / предложената активност:**

Владата на Република Северна Македонија да го утврди Предлог на Законот за инспекциски надзор, по скратена постапка.

**10. Врска со владината програма:**

Во рамките на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028), во делот III Владеење на право во институциите, во делот посветен на Реформа на јавната администрација, се предвидува трансформација на Инспекцискиот совет во координативно тело на директорите на инспекциските служби, а бројот на инспекциски органи да соодветствува на бројот на министерски системи, а се со цел подобрување на работата и координацијата на инспекцискиот надзор.

Донесувањето на предлог Законот за инспекцискиот надзор ќе има позитивно влијание врз Буџетот на Република Северна Македонија, односно намалување на трошоците од плати и надоместоци со престанување на мандатот на претседателот и на членовите на Инспекцискиот советот. **Со укинување на функционерските позиции во Инспекцискиот Совет, проценката е дека државата ќе заштеди 1.307.000 денари на месечно ниво или ако зборуваме на годишно ниво ќе заштедиме 15.684.000 денари или 255 илјади евра**, кои се исплаќаат за платите на претседателот и на 6-те членови на Инспекцискиот совет. Дополнително, ќе има и други заштеди со укинувањето на овие позиции, кои што се поврзани со привилегиите на избраните и именуваните функционери.

Истовремено, се намалува бројот на органи на државна управа, што претставува една од мерките на процесот на реорганизација на органите на државната управа. Стручната служба, односно вработените ќе бидат превземени во Министерството за јавна администрација, со што ќе се зајакнат капацитетите во однос на човечките ресурси на Министерството. Притоа, дополнително се укинува и работната позиција на Генералниот секретар на Инспекцискиот совет, со што се заштедува дополнително 1.120.056 денари на годишно ниво.

**Со оваа реформа, вкупните заштеди во Буџетот на Република Северна Македонија ќе бидат 16.804.056 денари или 273 илјади евра на годишно ниво.**

| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта год.** |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| С. Промена (разлика) од одобрените средства (В-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F. Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:________________ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: / | | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G) | | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение / | | | | |
| 14. Дата на завршување на проценката | | | | |

| | |
|---|---|
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии / | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | |
| 21. Одобрено/ Дата : | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ____________ Потпис на Државен Секретар или Директор на Орган/ | ___/___/____ Ден / месец / год. | Горан Минчев ____________ Потпис на Министерот | ___/___/____ Ден/ месец/год. |